Душан ТАЛЕСКИ

# НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ДЕЛУВАЊЕТО НА ФАКТОРИТЕ НА ВОЈНАТА ВО НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ И НАРОДНОСТИ

Концепцијата на општонародната одбрана и општествената самозаштита претставува продолжување на континуитетот на револуционерната борба на нашите народи и народности. Укажувајќи на концепцијата на општонародната одбрана како на континуитет на револуционерната борба и како на трајна определба на нашето социјалистичко самоуправно општество, Јосип Броз Тито вели: „Општонародната одбрана настана уште во 1941 година, кога КПЈ ги поведе нашите народи во борба против фашистичките окупатори и нивните помагачи. Од тие причини, со полно право може да се каже, вели Тито, дека нашата денешна концепција на општонародната одбрана не е ништо друго туку доследна и решителна примена на големите искуства од Народноослободителната војна во нашите сегашни услови“[1].

Анализата на тие големи искуства покажува дека во НОВ му се посветуваше големо внимание и на прашањето на факторите на војната, како што се: човечкиот фактор, материјалните услови, просторот и времето.

Искуството покажува дека тие беа битни елементки врз основа на кои се засновуваше и изградуваше стратегијата и тактиката на водењето на НОВ и револуцијата. Влијанието на факторите на војната се настојуваше да биде што е можно повеќе и како резултат на сознанието за потребата од обезбедување нивно меѓусебно проникнување и надополнување, како и нивно постојано успешно услогласување. Ова значи дека на факторите на војната во НОВ не се гледаше како на некаков прост збир, туку како на дијалектичка целина, во која вредноста и значењето на одделни фактори не се изразува секојпат еднакво и на ист начин. Во НОВ се покажа дека еднаш воспоставените врски и односи помеѓу факторите на војната се подложни на постојани промени. Од тие причини, големо значење има искуството од НОВ, кое зборува за потребата од постојана ангажираност на командниот кадар и на сите други субјектив-

[1] Јосоп Броз Тито: Реферат на XI конгрес на СКЈ, Београд, 1978.

ни сили за одржување и постојано воспоставување потребно единство меѓу факторите на војната.

Значи, и во нашата практика се потврди познатото стојалиште дека факторите на војната можат да бидат заменливи и променливи. Дека тие се во меѓусебен дијалектички однос. Дека има можност за мерење на факторите и на нивните елементни помеѓу противниците во војната и дека тие секои посебно и сите заедно, во практиката не се никогаш еднакви на страната на двата противници. Врз основа на изнесеното може со право да се каже дека во НОВ и револуцијата присутно беше сознанието дека за факторите на војната важи дијалектичката законитост за односот на квантитетот и квалитетот, што се потврдува и од изнесеното во овој труд.

* * *

Ваквото сфаќање на значењето на факторите на војната е присутно во активноста на КПЈ уште во периодот на подготовките на востанието на југословенските народи и народности. Така, на пример, периодот на подготовките на востанието, како и целиот тек на Народноослобдителната војна и социјалистичката револуција недвосмислено укажува на тоа дека човечкиот фактор имаше примарна и решавачка улога во НОВ и револуцијата. Другите фактори на војната, човечкиот фактор настојуваше да бидат ставени во функција на задачите што пред него се поставуваа, како примарен фактор на НОВ и револуцијата.

На односот на човечкиот фактор и другите фактори на војната во изнесената смисла укажуваше и Маркс. Тој укажуваше на потребата човекот нив да ги претвори во вистински употребни вредности[2].

Макристичкиот однос кон човечкиот фактор и неговото примарно значење, во однос на другите фактори на војната, е содржан во револуционерната стратегија на КПЈ изградена уште во предовоениот период.

Револуционерната стратегија на КПЈ овозможи политичката програма на НОВ да ги детерминира правилно и воено стратегиските цели, како што се уништување и истерување на окупаторите од земјата и заедно со борбата против окупаторите водење борба за национално и социјално ослободување на сите народи и народности. Остварувањето на овие цели во исто време доведе до тоа НОВ да биде специфична војна и револуција на југословенските народи и народности. Нејзиниот револуционерен карактер се изразуваше низ девизата — нема враќање на старото, во што се сублимираше програмата на социјалистичката револуција, како и низ девизата — братство и единство — што претставуваше програма за национално ослобдување и полна рамноправност на сите народи и народности на Југославија.

Од платформата изразена во револуционерната стратегија на КПЈ и од политичката програма на НОВ сосема јасно може да се види дека на работничката класа, на работните луѓе, на селанството, како и

[2] Карл Маркс: Капитал, Том I, стр. 139.

на сите други слоеви им се отвора перспектива, дека новата државна заедница што ќе ја создадат низ заедничката борба, ќе биде социјалистичка заедница на рамноправни и единствени народи и народности. И така, во НОВ и револуцијата таквите задачи можеа да бидат остварени само затоа што беа прифатливи за сите демократски и прогресивни сили во земјата. Ваквиот пристап кон целите на НОВ и револуцијата од страна на КПЈ значеше изградба на широка демократска платформа на НОВ и револуцијата, во која имаше место за учество на сите кои во начело беа за борба против фашизмот, за демократски права и за прогресивни промени на преживеаните општествени односи на стара Југославија.

Тоа овозможи во НОВ и револуцијата да земат учество широките народни маси, кои вршејќи преобразување на општествените односи и сами се преобразуваа. Така, се обезбеди постојано јакнење на квалитативните и квантитативните својства на човечкиот фактор, кој претставуваше моторна сила на НОВ и револуцијата, подготвен за јасните цели и перспективи што се отвораа да го положи, на олтарот на слободата, и сопствениот живот. Тоа овозможи постојано зголемување на бројот на борците, како и на сите други што на разни начини беа вклучени во решавањето на задачите што ги бараше НОВ и социјалистичката револуција.

Постојаното квантитативно зголемување на бројот на учесниците во НОВ се карактеризираше и со создавање сè понов и понов квалитет, што се изразуваше низ голем број позитивни својства на личноста, како што се: постојаното зголемување на политичката свест, на идејно-политичкото и акционото единство, постојаното зголемување на борбениот морал, потоа, на борбеното искуство, решеноста да се истрае докрај, како и во низа други квалитативни својства што ги красеа борците и сите други учесници во остварувањето на политичките цели на НОВ и револуцијата. Зборувајќи за улогата на човечкиот фактор во НОВ, како и за значењето на политичката платформа на НОВ за мобилизација на широките народни маси, Јосип Броз Тито истакнува: „Во нашата Народноослободителна борба во полна мера се појави силата на народните маси. Во неа се покажа што сè народните маси сè во состојба да направат ако)знаат зашто се борат. Поради тоа, искуствата од Народноослобдителната борба се од огромно значење за нашата општонародна одбрана денес“[3]. Во врска со мобилизаторската улога на политичките цели на НОВ и револуцијата за сите народи и народности, Јосип Броз Тито истакнуваше дека зборот народноослободителна војна би бил само празна фраза дури и фикција ако тој збор не означуваше во исто време, освен борба на ослободување на Југославија и борба за ослободување на Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Македонија и Босна и Херцеговина. Ако не означуваше во исто време, вели Тито, и ослободување на Србите, Хрватите, Словенците, Босанците, Македонците, Црногорците и на сите народности во Југославија.

[3] Тито: Искуствата од НОВ и системот на ОНО на Југославија, Меѓународна политика, Белград 1970, 77.

Освен вака јасната политичка платформа на НОВ и револуцијата, на развивањето на квантитативните и квалитативните својства на човечкиот фактор позитивно се одразуваше и хуманиот карактер на односот кон човекот во НОВ и револуцијата. Таквиот однос е присутен во сите етапи и во сите домени на НОВ и револуцијата. Затоа, доволно е како илустрација да се истакне дека битката на Неретва е позната и како битка за ранетите. Во оваа битка се водеа огорчени борби со надмоќниот непријател, покрај другото, и за создавање простор и време за такво прегрупирање на силите на НОВ, што овозможи спасување на ранетите и победоносен завршеток на битката за силите на НОВ. Во оваа битка беше создадена состојба во која ранетите станаа примарен оперативен фактор и на нивното спасување беа подредени сите оперативно-тактички постапки на единиците. Тоа придонесе оперативната група на дивизиите да се движи релативно побавно, со цел да се овозможи прибирање и евакуација на повеќе од 4000 ранети.и заболени борци на НОВ. Евакуацијата на ранетите одеше доста бавно. Така, на 19 февруари 1943 година, првите ешалони на ранетите тргнаа од Дувно на повеќе од 200 километри оддалеченост кон Прозор а нивните задни делови се наоѓаа сè уште кај Ливно. Нивната евакуација се вршеше под особено тешки услови, на сосем бавни — примитивни приручни и превозни средства по невреме од снег. Прибирањето на ранетите се вршеше ноќе за да се ублажи положбата од постојаното бомбардирање на конвојот од страна на непријателската авијација, што го вршеше во текот на денот.

Во исто време со движењето на ранетите кон Неретва доаѓа до измена на непријателските планови за дејство. Суштината на таа измена се состоеше во тоа што тежиштето на дејствијата на непријателските колони од разни категории се пренесе на сите правци што водат во долината на средниот тек на реката Неретва. Тоа во времето од 21 февруари до почетокот на март 1943 година, доведе до драматични борби со единиците на НОВ познати како битка на Неретва — битка за ранетите[4].

Слични дејствија на нашите единици се одвиваа и во битката на Сутјеска. Главнината на силите на НОВ во битката на Сутјеска беше опколена заедно со повеќе од 3.000 ранети и заболени борци на НОВ. За оваа битка, која се смета за најтешка од сите битки што беа водени во НОВ, Јосип Броз Тито вели: „Тоа беа тешки искушенија на НОВ. Издржаните напори во кои синовите на нашите народи покажаа натчовечко јунаштво и самоодрекување, со што со векови ќе се гордеат поколенијата.“ Во битката на Сутјеска загинаа над 7.000 борци на НОВ. Сè беше подредено и на барањето да се спасат ранетите. Во напорите за спасување и на ранетите, во битката на Сутјеска, дојде и до жртвување и на една цела дивизија на НОВ заедно со ранетите. Битката за ранетите, и во овој случај, во голема мера ја смалуваше маневарската способност на единиците на Главната оперативна група на НОВ. Меѓутоа, треба да се истакне дека ранетите беа и многу значаен морален фактор што придонесе да се истрае во таквите натчо-

[4] Неретва — Сутјеска 1943, Војноисториски институт, Белград 1969, 31.

вечки напори во оваа битка, како и во многу други битки, водени во целата земја, во текот на НОВ. Битката на Сутјеска и по напорите за спасување на ранетите се вборујува во една од најславните епопеи на НОВ и револуцијата на југословенскитн народи и народности[5].

Решеноста на народите и народностите да се оживотворат революционерната стратегија на КПЈ и политичките цели на НОВ, како и хуманиот карактер на односот кон борците и кон сите лица што на разни начини беа ангажирани во извршувањето на задачите од НОВ и револуцијата, влијаеше врз постојното јакнење на довербата кај борците и народот во Врховниот командант — Тито и во другите воени и друг вид раководители.

Изнесените примери за хуманиот карактер на НОВ и револуцијата недвосмислено укажуваат на тоа дека на сите учесници им беше јасно оти во случај на ранување и во разни други непредвидени тешки ситуации по нив, нивните другари и блиски од фамилијата и семејството нема да бидат оставени на милост и немилост на непријателот. Сето тоа претставуваше широка појдовна основа во мобилизацијата и во постојаното развивање на квалитативните и квантитативните својства на човечкиот фактор, како основна движечка сила на НОВ и социјалистичката револуција.

Реализацијата на наведените аспекти за моблизација на широките народни маси во револуцијата дејствуваше, така да се рече, како еруптивна сила за да се издржи докрај и да се прифати и доследно да се применува стојалиштето дека не постојат и не се признаваат безизлезни ситуации во текот на НОВ и револуцијата.

Тргнувајќи од изнесената револуционерна стратегија на КПЈ, политичките цели и хуманиот карактер на НОВ, за кои народите и народностите на Југославија под раководство на КПЈ и Тито безрезервно се жртвуваа, се доволна илустрација и искуство за адекватно однесување на современи услови против секого, во заштита и натамошно развивање на социјалистичкиот самоуправен систем и неврзаната надворешна политика на Југославија. Решеноста да се брани таквиот општествен систем и таквата надворешна политика, произлегува од уверувањето кај огромното мнозинство на населението на Југославија, дека на нашиот општествен систем му нема алтернатива во современиот свет во однос на досегашните резултати и можностите што ги дава за развој на демократијата, слободата и хуманизмот, споредено со другите концепти на општествени системи и односи, што денес егзистираат во современиот свет.

* * *

Во Народноослободителната војна и револуцијата се настојуваше делувањето на сите фактори да биде рационално и оптимално застапено во реализацијата на воените задачи во согласност со политичките цели на НОВ, што човечкиот фактор се залагаше со сопствени сили, да бидат целосно остварени.

---

[5] Војна Енциклопедија, Белград 1973, II издание, книга 6, стр. 653—658.

Принципот потпирање врз сопствените сили се однесува, не само на човечкиот фактор туку и на материјалниот фактор на војната. Тргнувајќи од овој принцип главен извор на снабдување на НОВ со оружје и муниција како и со друга воена опрема, во текот на целата војна, беше непријателот. Оружјето, муниција и разна опрема се одземаа од непријателот во победоносните борби против него. Исто така одделни количини оружје, муниција и воена опрема се обезбедуваше од сопственото производство во партизанските работилници. Другите потреби беа обезбедувани од народот. Народот даваше храна, облека, обувки, транспортни средства, лекови и друго.

Таквиот начин на обезбедување на економската и материјалната база на НОВ бараше од човечкиот фактор посебни ангажирања за да може да се компензира потребата од соодветни и адекватни борбени средства, муниција и опрема. Ваквиот став и однос спрема прашањето на материјалниот фактор во НОВ недвосмислено е содржан во стратегијата на НОВ. Во врска со тоа Тито вели: „Без техниката не се може, но само техничката способност сè уште не е доволна. Факт е дека и спрема најголемата техника може да се најде тактика што може да ја компензира техничката инфериорност“[6]. Така беше во НОВ. Помалата и послабата техника и вооружување многу порешително влијаеа врз резултатите на војната отколку големата и сложена техника и вооружувањето на непријателот.

Надополнувањето се изразуваше низ максималното ангажирање на широките народни маси. Тоа доведе до развој на масовната иницијатива и творештво кај широките народни маси, што секојдневно се потврдуваше со создавањето на оружените сили и во разноврсните облици на борба и отпор. Тргнувајќи од објективната стварност за тешкотиите во обезбедувањето потребни материјални услови, за водење на оружените и на неоружените дејствија, дојде до доследна примена на стојалиштето дека нема и не се признаваат безизлезни ситуации и дека оружените дејствија и неоружениот отпор се изведуваат без оглед на материјалните и просторните услови, временски услови на денот и ноќта, годишните времиња и сл.

Примената на принципот на компензација на материјалниот фактор, со необично големо планско и систематско ангажирање на човечкиот фактор, создаваше состојба во која со борбените средства што низ победоносните дејствија му беа одземени на непријателот и со оној релативно мал дел што се произведуваше на ослободените територии, со сопствени сили, народот можеше на својата територија успешно да се спротивстави и да победи во борбата со технички надмоќниот непријател.

Во примената на принципот-победа со потпирање врз сопствените сили и во човечки и во материјален фактор, значајна улога имаше големата информативна дејност што во текот на НОВ беше развиена. Низ оваа дејност се обезбедуваше информираност на народот за задачите што претстоеја на секоја етапа од развојот на НОВ и револуцијата.

---

[6] Јосип Броз Тито: „Војни дела,“ книга II.

Исто така постоеше развиена идејно-политичка активност сред борците и народот. Тоа доведуваше до разбивање на секаков вид малодушност за каква и да е бесперспективност на борбата против надмоќниот непријател. Овие активности и остварените резултати стануваат уште појасни, а нивното значење за изградбата на системот на Општонародната одбрана и општествената самозаштита на СФРЈ поочебијни, ако се поврзат со значењето кое им се дава во Титовата теоретска мисла. Во врска со тоа Тито вели: „Без оптимизам не е добро да се оди во борба против надмоќен непријател. Ние, во 1941 година јуришавме така да се рече на небо, без оглед на тоа колку нас не имаше, а немавме ни оружје, немавме ништо. Тоа е најубава поука за нашите млади луѓе, најдобар пат оптимизмот да им се влее во срцата“[7].

„Речиси со голи раце тргнавме во борбата против тогаш најсилната светска воена машина, истакнува Тито. Бевме наполно сами. Врз никого во странство не можевме да се потпреме. Сите држави членки на антихитлеровската коалиција беа географски далеку од нас, а во првата фаза на војната беа преокупирани со свои тешки проблеми. Како окупирана земја, немавме никаква потпора во странство, врз која би можеле да се потпреме во вооружувањето и снабдувањето, а во поли тички поглед немавме никаква помош. Се потпиравме врз сопствените сили“[8].

Со користење на изворот — одземање оружје во борбата, муниција и друга воена опрема од непријателот, и од производството, со сопствени сили, во партизанските работилници а и за снабдување со другите потреби, користење на изворот — потпирање врз поддршката од народот, во НОВ и револуцијата целосно беше изразен принципот потпирање врз сопствените сили. Задоволувањето на потребите во НОВ од народот доволно јасно покажува дека во колку народот е убеден во исправноста на политичките цели на војната, во толку е во состојба да даде сè од себе за успешна реализација на таквите цели.

Ова искуство е мошне значајно за успешно решавање на проблемите во врска со материјалот фактор во системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита на СФРЈ во сегашни современи услови.

Во НОВ не беше можно пресудно да се влијае врз развојот на квантитативните и квалитативните својства на материјалниот фактор. Меѓутоа, во зависност од условите, се настојуваше помалку или повеќе да се оствари влијание на развојот и текот на спомнатите својства на материјалниот фактор. Така, квантитативните својства на материјалниот фактор на НОВ се изразуваа во бројот и видовите оружје, муницијата и другата воена техника и опрема, што беа одземани од непријателот во меѓусебните судири. Потоа, во бројот на оружјето, муницијата и борбебената техника и опрема што се произведуваше, со сопствени сили, на слободните територии.

---

[7] Јосип Броз Тито: Говор на седницата на Советот на народната одбрана, Белгра, 3 јули 1970.

[8] Јосип Броз Тито: „Војни дела“, кн 4, стр. 198.

Освен тоа, тука спаѓаат бројот и видовите оружје, муницијата, борбената техника и опремата што при крајот на 1943 година почна, во сосема мали количини, да се добива од сојузниците. Исто така, се имаат предвид и количествата и видовите на средствата за задоволување на другите потреб: и што беа добивани од народот, како што беше храната, облеката, обувките, транспортните сревства, како и разни други потреби за успешно водење на војната.

Квалитетот на материјалниот фактор во НОВ се изразуваше во неговата употребна вредност низ својствата на неговите елементи во задоволувањето на одредени потреби. Така, кај оружјето и техниката квалитетот се изразуваше во дострелот, во пробивната моќ, во подвижноста, во радиусот на дејствувањето, во отпорноста на непријателскиот оган и на временските услови, во можноста за движење надвор од патиштата, како и во можноста за употреба на разни терени на земјиштето и др. Квалитетот на храната се изразуваше во калории што ги содржеше. Медицинските средства во можноста да бидат употребени, како и во ефикасноста на лекувањето. Облеката и другата опрема во функционалноста на употребата, во можноста за нејзина употреба во зависност од годишното време и временските услови.

Се преземаа систематски мерки за подобрување на квантитетот и квалитетот за материјалниот фактор. Така, на пример, во превземаните борбени акции на нанесување човечки и материјални загуби на противникот се обезбедуваше оружје и опрема за нашите единици. За таа цел беа изведувани голем број диверзантски акции. Беа напаѓани воени и цивилни магазини, во кои се чуваше оружје, храна, облека, обувки и други видови материјални потребни за успешно одвивање на НОВ и револуцијата. За илустрација, да потсетиме дека уште во летото во 1941 година во нападот на магазините во Добој — Босна, беше запленето над 50 тони муниција и разна друга опрема, Другиот дел од муницијата и опремата беше уништен од нашите сили во борбата што притоа се разви помеѓу партизанските единици и силите на окупаторот. Слични акции изведуваа партизанските одреди во Македонија и во сите други краишта на Југославија уште во 1941 година и во текот на НОВ во целина. Така, за рушење на објектите на пругата Коњиц Сараево беше употребен запленетиот експлозив, во големи количества, во борбите при заземањето на Коњиц во почетокот на јули 1942 година. При заземањето на Ливно, во август 1942 година, беше запленето целокупното оружје и опремата со што располагаа над 900 непријателски војници, колку што тогаш ги имаше во Ливно. Покрај тоа, во Ливно беа запеленети и околу 100.000 парчиња муниција, како и други материјални средства. Уште поголема и поразноврсна опрема, оружје и друг материјал се запленети при ослободувањето на Јајце на 25 семптември 1942 година. Со ослободувањето на Бихаќ, во почетокот на ноември 1942 година, запленети се толку големи количества на оружје и опрема што се овозможи вооружување на голем број нови борци[9].

[9] Воена енциклопедија, Београд 1974, II издание, кн. 7, стр. 23—25.

Овие неколку илустрации од борбите што се водени во 1941 година и што ги водеше групата пролетерски бригади во втората половина на 1942 година, при нејзиниот пробив од источна Босна во Босанска Краина, како и од борбите водени за проширување на слободната територија во Босанакса Краина, се илустративен пример за НОВ во целина, дека снабдувањето со оружје и опрема се вршеше преку офанзивната стратегија и тактика, во која му беа нанесувани порази на непријателот со големи загуби во жива сила, оружје и опрема. Така значи, во секојдневната интензивна офанзивна борба се вршеше и зголемување на техничката опременост на НОВ. Освен тоа, беа преземани и конкретни мерки за подобрување, односно, за порационално исористување на квалитативните својства на материјалниот фактор. Кај оружјето, тоа се настојуваше да се направи преку неговата употреба од најголема можна близина и по можност со попрецизно гаѓање, како и со најрационална употреба на другата опрема од страна на човечкиот фактор.

Освен тоа, се преземаа мерки за што поуспешна и поквалитетна работа на партизанските работилници за производство и за поправка на оруже, опрема и за други средства за потребите на борбата. Имајќи го предвид значењето, на работата на овие работилници, му посветуваше посебно внимание и Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ. За илустрација ќе потсетиме дека уште на 12 октомври 1941 година Врховниот штаб издаде наредба, во која, покрај другото, се нагласува потребата партизанските работилници за оружје да се развиваат до максимум. Во наредбата исто така се бара да се прифаќаат разните идеи и предлози, за кои се вели дека се полни за идеализам и дека прилегаат на фантазијата на недораснатите кадри. На овие кадри, како на самоиницијативни луѓе, се бара во документот, да им се даде можност за да ги остварат своите идеи и да докажат сè што можат да направат. Уверени сме, се подвлекува во наредбата, дека мнозина работници — партизани, ќе создадат нови оружја, или ќе успеат да го поправат старото и расипаното оружје.

Се водеше голема грижа и се настојуваше и квалитативните својства на материјалните средства што ги обезбедуваше народот, за потребите на НОВ, најрационално да се искористат. За што подобро регулирање на ова прашање уште во текот на борбите во источна Босна, во пролетта 1942 година, при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ беше формирана интендантска служба и беа утврдени принципите за прибирање храна и други средства од народот за потребите на војската и на НОВ во цлина. Овие принипи беа уште тогаш применувани во сите краишта на Југославија, како единствена војна територија. Организаираноста во снабдувањето беше изразена и преку формирањето на воено заднинските органи на секоја поголема слободна територија, Така, при ослободувањето на Бихаќ, во ноември 1942 година, на слободната територија што изнесуваше преку 45.000 км$^2$, покрај другите органи, успешно работеа и командите на подрачја и командите на места. Тие, на ослободената територија вршеа снабдување, обезбедување на важните објекти, како и обезбедување правилното функционирање на новата народна власт.

Постепеното проширување на остварувањето на целите на НОВ и револуцијата, позитивно се одразуваше на промените во материјалната база на општественото, а посебно на материјалниот фактор на водењето на војната. Тоа доведуваше до позитивни промени во стратегијата и тактиката што се изразуваа во применувањето на сè посложени облици на оружена борба и неоружено спротивставување, како и во се поусогласеното користење на облиците на борбените дејствија и факрите на водењето на војната во целост.

Врз развојот на материјалната база на новото општество, што се создаваше во огнот на борбата, посебно му се посветуваше внимание во субјективната дејност на човечкиот фактор, кој раководеше и ги даваше замислите за извршувањето на борбените задачи на сите нивоа на раководењето и командувањето со оружените сили и неоруженото спротивставување во НОВ и револуцијата.

Во потврда на оваа констатација можат да се наведат голем број примери. Меѓутоа, во овој случај доволно е ако се истакне дека Јосип Броз Тито, зборувајќи за значењето на Првото и Второто заседание на АВНОЈ истакна дека, при одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ, за разлика од времето при одржувањето на Првото заседание на АВНОЈ, нашите оружени сили материјално-технички и по бројот на борците беа изедначени со непријателските оружени сили. Потпирајќи се на нив, Тито рече дека ние не моравме да слушаме странски нагодби во поглед на нашето внатрешно уредување, засновано на историските одлуки донесени на Второто заседание на АВНОЈ.

Од ова произлегува дека на мателијалниот фактор во текот на НОВ и револуцијата му се придаваше големо значење, не само во планирањето и реализирањето на одделните битки и оружената борба во целина, туку метеријалниот фактор имаше големо значење во општите напори за зачувување и натамошното развивање на автентичноста на НОВ и револуцијата на југословенските народи и народности.

Значи, искуството покажува дека во зависност од постигнатите резултати, во НОВ се работело на решавање на прашањето на материјалното обезбедување на различни начини, вклучително и на складирање на одредена опрема, оружје, муниција и други видови материјали, како резерва за натамошно користење во борбените акции и другите видови дејности во НОВ. Складирање е вршено на оружјето, муницијата и опремата што го прибираа членовите на КПЈ и нивните симпатизери од распаднатата бивша југословенска војска, за време на априлската војна 1941 година, како и на онаа опрема и вооружување, и на други материјали што се запленувани, произведувани во партизанските работилници или добивани како помош во текот на НОВ.

Во современи услови на изградба на современ систем на општонародна одбрана и општествена самозаштита може и мора да се чува складирано оружје и друг вид воена опрема. Меѓутоа, искуството од НОВ и револуцијата покажува дека на нашата земја не ѝ одговара да чува складирани големи количества средства за одбранбени цели. Ова е условено и произлегува од можностите со кои располага нашиот социјалистички

самоуправен систем за обезбедување оптимално користење, во случај на општонародна одбранбена војна, и на целокупната механизација и на сите други врсти средства што во мирновременски услови се користат во општеството за задоволување на разни потреби на луѓето.

На тој начин се обезбедува остварување на системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита без да се врши непотребно големо стокирање на опрема и материјали.

Меѓутоа, ова незначи дека кон потребниот минимум на постојана опрема на оружените сили би-се однесувале неодговорно. Напротив, и искуството од НОВ и социјалистичката револуција, како што е истакнато и во оваа пригода, укажува на значењето на материјалниот фактор.

Тоа искуство упатува на констратацијата дека материјалниот фактор има големо значење за победа во војната. Тргнувајќи од вложените напори во НОВ за обезбедување оружје, опрема и други средства, во сегашни услови присутно е сознанието дека потребата за натамошна модернизација на одбраната бара во согласност со можностите на општеството да се одвојуваат соодветни материјални средства. Решеноста и определеноста на општествената заедница за обезбедување на оружените сили со неопходна современа опрема и наоружување, јасно е содржана и во Титовата воена мисла. Така, во врска со ова Тито вели: „Мораме и во иднина да се залагаме за солидарност на работните луѓе и граѓаните во обезбедувањето на тие средства. Меѓутоа, нагласува Тито, мораме да се залагаме и за нивно рационално користење. Не постои цена која нашето општество не е подготвено да ја плати, кога е во прашање обезбедувањето на слободата и независноста“[10].

Врз основа на изнесеното за човечкиот и материјалниот фактор на војната, може да се констатира дека во нивните меѓусебни односи, како фактори на војната, се тргнува од стајалиштето дека техниката воопшто, во рамкие на тоа и военоата, треба да му служи на човекот, на борецот а не тој да ѝ биде подреден. Како што е нагласено и во оваа пригода, помала и поедноставна техника и вооружување, во определени услови, можат многу позначајно да дејствуваат врз резултатите од борбата отколку сложена и голема техника. Ова се потврди во НОВ и е мошне важно и остварливо како искуство во современи услови на изградба на системот на ОНО и ОСЗ на СФРЈ.

* * *

Просторот и времето исто така се значајни фактори на војната. Човечкиот и материјалниот фактор се реализираат на определен простор и во определено време. И овие два фактора имаат квантитативни и квалитативни својства за што се водеше сметка и во НОВ. Така, просторот како квантитет се изразува со севкупната големина на земјата. Стратегијата на НОВ беше пресметана на целокупната територија на Југославија, како единствена војнена територија. Се имаа предвид и квалитативните својства на нашиот простор какви што се, релјефот, гео-

[10] Јосип Броз Тито: Реферат на X конгрес на СКЈ, Белград, 1974 година.

графската и геостратегиската положба, хидро-графијата, природните богатства, плодноста на земјата, нејзината флора и фауна, климатските услови, проодноста, квалитетот на комуникациите, степенот на прилагоденоста на просторот за потребите на одбраната, како и други особености на просторот што можат позитивно или негативно да се одразат врз водењето на војната. Како тие ќе се одразат врз водењето на вој, ната, зависи од умеењето на нивното користење од страна на човечкиот фактор, како примарен фактор на водењето на војната.

Од ова произлегува заклучокот дека просторот се наметнува со своите квантитативни и квалитативни својства врз водењето на војната. Тој, пред сè, се јавува како природна основа за водењето на оружената борба. Како таква, таа основа наметнува низа услови и ограничувања на кои народноослободителното движење мораше да се прилагодува и да ги совладува. Притоа, се настојуваше да се смалат до најголема можна мера неговите негативни влијанија по НОВ, а тие да се зголемат за противникот. Донесените одлуки од страна на раководството на народноослободителното движење уште во 1941 година за создавање на оперативни партизански регуларни единици, способни за изведување маневарски оружени акции низ земјава, покрај другото, е значаен при лог кон општите напори за создавање услови за успешно водење на оружената борба на целиот југословенски простор. И појавата, речиси веднаш по тоа на различни родови војска и разновидни оружени сили, како и голем број на разни постапки во борбата тесно е поврзано и со потребата за што поуспешно совладување на условите што ги поставуваше, просторот со своите квантитативни и квалитативни својства, пред НОВ и социјалистичката революција[11].

Примената на партизанскиот начин на водење на војната и разви вањето на разни облици на оружена борба и на неоружен отпор во текот на НОВ и револуцијата значеше создавање на состојба во која насекаде каде што народот даваше отпор — постоеше простор што не беше освоен од непријателот. Во врска со ова, Јосип Броз Тито истакнуваше дека губењето на една слободна територија на едно место, за нас значеше во исто време создавање на друга таква или уште поголема на друго место. Многубројни се изведените партизански акции, со кои се прдизвикуваше непријателот да излезе надвор од утврдените места и градовите и да настапи во акција против нашите сили на понеповолни просторни услови по неговите сили. Беше создадена ситуација во која окупаторот беше несигурен на целиот простор на Југославија. Целиот просотор на Југославија, според стратегијата на народноослободителното движење, беше третиран за единствен воjнен простор. Уште од почетокот на оружената борба и неоружениот отпор дојде до израз тактиката на војувањето, во која за некаква цврста граница помеѓу фронтот и заднината на целиот простор на Југославија не можеше да станува збор[12].

---

[11] Зборник на документи и податоци за НОВ, Военоисториски институт, Белград, том II, кн. 2, стр. 56.

[12] Истото, том. III, кн. 1, стр. 229.

Просторот во исто време беше и простор на кој се живееше, потоа се водеше борба а речиси на истиот простор и се произведуваше. Ваквиот третман на просторот од страна на народноослободителното движење не им одговараше на фашистичките сили, кои на класичен начин беа подготвени, организирани и опремени. Од тие причини тие не можеа да дојдат во ситуација да изнудат такви судири со силите на народноослободителното движење, во кои би дошле до израз оние фактори на војната во кои тие беа посупериорни.

Непријателот беше доведуван во ситуација да ги развлекува своите сили и средства и во оние моменти кога се надеваше дека ќе може да изнуди решавачка битка на одреден, иако понеповолен простор по него. Така, на пример, врз основа на стратегијата за единство во раководењето и командувањето за време на најтешките моменти во битката на Неретва, а заради развлекување на силите на непријателот, Врховниот командант на НОВ и ПОЈ издаде наредба до сите единици на НОВ во цела Југлславија, да ги засилат борбените акции против непријателот. Оваа наредба претставуваше израз на потребата од содејство со борбените какции на Главната оперативна група во битката на Неретва. Наредба, со слична содржина, до сите партизански единици, беше издадена од страна на Врховниот командант и во најтешките моменти во борбите за пробив од обрачот во битката на Сутјеска.

Покрај наредбите издавани до сите единици во земјава за доведување на непријателот во ситуација да прифаќа борба во што понеповолни просторни услови за него, во истиот момент со борбите што ги водеше Главната оперативна група на НОВ беа издавани и наредби за конкретно содејство со Главната оперативна група на единиците што се наоѓаа во нејзина непосредна близина. Така, по изведувањето на противударот кај Горни Вакув на 3 и 4 март 1943 година за време на битката на Неретва, Врховниот командант — Тито на Главниот штаб на НОВ на Хрватска му издаде наредба во која се бараше со потребен број единици да содејствува со Првиот босански корпус, заради што подолго задржува и забавување на пробивот на 7 СС и 369 германска дивизија кон Ливно и Прозор. Исто така, на Првата краишка бригада од 5-та дивизија ѝ беше издадена наредба од централна Босна да дејствува кон Травник, со цел содејството со Главната група при извршувањето на противударот кај Горни Вакув. Освен тоа, на Шестата источнобосанска и маевичка бригада ѝ беше наредено што побргу да се префрли од источната Босна во реонот на Игман и да дејствуаа на просторот во задницата на 718 германска дивизија[13]. И оригиналната Титова оперативна идеја за рушење на мостовите на Неретва имаше за резултат, освен внесување забуна кај непријателот за основниот правец на тежиштето на натамошното дејствување на нашите единици на југоисток, просторот околу реката Неретва да се искористи и како природна заштита, за да може скоро сите расположливи сили да се употребат да се создаде потребната надмоќност во изведувањето на противударот на нашите единици против непријателот кај Горни Вакув. Така, противударот беше успешно изве-

[13] Неретва — Сутјеска 1943, Војноисториски институт, Белград, 1969, стр. 35.

ден и остварена целта — создавање на потребниот простор и време неопходни за прегрупирање на силите за успешно форсирање на Неретва.

Наредба со слична содржина Врховниот командант — Тито издаде до сите единици на НОВ и за време на Петтата непријателска офанзива. Врз основа на наредбата на целата југословенска територија се одвиваа засилени напади на непријателски гарнизони, на комуникации и на други објекти од интерес за непријателот. Уште тоа повеќе ја зголеми несигурноста на непријателските сили на целата југословенска територија, во време кога тие настојуваа да ги потиснат силите на главната оперативна група на НОВ во меѓуречјето на Пива и Тара и да ги нафрлат на непристапните простори на Дурмитор, Маглич, Зеленгора, Војник и Сињаевина и тука да ги уништат.

За остварување на својата цел, а со оглед на просторот на кој беше решен да ги води борбите со Главнината на нашите сили, во оваа офанзива непријателот беше принуден да применува тактика, оружје и опреми што не беа во согласност со неговата стандардна тактика, вооружување и опрема. Така, составот на војската беше приспособен за водење борба во такви неповолни просторни услови. Потоа, непријателот се откажа од голем дел на современа и далеку посупериорна техника и вооружување. Освен тоа, непријателот направи обид да дејствува со примена на партизанска тактика. Тоа го доведе, во битката на Сутјеска, во инфериорна положба во однос на знаењето и вештината, со кои располагаа силите на НОВ за искористување на просторот како фактор на водењето на војната[14].

Во врска со искористувањето и прилагодувањето на барањата на просторот значајно е како искуство да се истакнат остварените резултати во февруарскиот поход во 1944 година во Македонија. Потоа, користењето на просторот како фактор на војната при пробивот на групата пролетерски бригади од источна Босна во Босанска Краина во летото 1942 година, потоа користењето на просторот како фактор на успехот во завршните операции во Македонија, кога на германските сили што се повлекуваа од Грција им беше наметнато повлекување, не преку Белград туку по понепристапни комуникации низ западна Македонија, Косово и Метохија, Црна Гора и Босна, во деноноќни жестоки борби, на простор што повеќе им одговараше на нашите единици и на силите на отпорот во целина.

Сето ова покажува дека во НОВ, во услови на измешаност на фронтот и на заднината, постојано растеше несигурноста на окупаторските сили. Тоа доведе до ситуација во која големиот дел од силите, на нашата територија, нeријателот мораше да ги употребува за непосредно обезбедување. Но, не само тоа, туку непријателот беше принуден и од силите предвидени за решавање на значајни битки, во текот на борбата, од наметнатите услови на борба и гледајќи ја безперспективноста на излезот на конкретните битки, мораше на голем број свои единици да им ја пренаменува улогата. Од офанзивна борба да ги прераспоредува во

[14] Воена енциклопедија, Белград 1973, II издание, кн. 6, стр. 653—658.

улога на обезбедување за подолго време на одреден простор, пруга, населено место или друг вид на комуникација или простор од интерес за неговото одржување.

Имајќи го предвид ова, може да се каже дека големината на просторот ги голташе непријателските сили развлечени за држење во покорност на целиот југословенски простор. Таквата ситуација на нашето народноослободително движење му даваше голем број стратегиски предности, што се состоеја во изборот на целите за напад, во изборот на силите, во изборот на методите за борба, во изборот на времето и друго во согласност со максималното искористување на просторот како фактор на војната. Со тоа на окупаторот му се оневозможуваше да го владее просторот како основа за борба. Тоа го принудуваше непријателот, како што нагласивме, често да ја менува стратегијата и тактиката на војувањето. Да врши одредено превооружување на своите единици, да се одрекува често пати од својта најсовремена техника.

Резултатот на битките што се посочени како илустрација, како и победоносното завршување на НОВ во целина, покажа дека наметнатото прилагодување на просторот, што непријателот мораше да го врши, практично го доведуваше во сè поинфериорна положба спрема нашите сили.

Искуството од НОВ покажува дека просторот, по правило секојпат се јавува како сојузник на народноослободителното движење, кое ужива поддршка од народот, кој живее, се бори и произведува на тој простор.

* * *

Војната како општествена појава ја реализира човекот, со определени средства на определен простор. Меѓутоа, треба да се истакне дека војната, како и секоја друга човечка дејност, се реализира и во определено време. Времето се одразува на повеќе начини врз резултатот на војната. Така, тоа дејствува со својот квантитет во вид на протег, под што се подразбира должината на неговото траење во решавањето на некоја битка или во решавањето на војната во целина. Исто така, времето има и квалитативни својства, кои имаат свој одраз на војната. Квалитетот на времето се изразува како годишно време, време на денот и ноќта и како метеоролошка состојба.

Имајќи го предвид значењето на времето во реализацијата на задачаите од војната секоја од завојуваните страни настојува да се користи со позитивните дејствиа на времето а неговите негативни дејствија да ги насочи кон противникот. Тргнувајќи од ова, неприателот во борбата против нашето народноослободително движење настоуваше да го афирмира својот доктринарен став, според кој времето треба да се прилагоди тој овие фактори на војната или на одделни нивни компоненти, во кои тој имаше изразита предност над силите на НОВ. При ова, тој настојуваше да изврши прилагодување на времето кон неговата супериорност во вооружувањето и воената техника, како и на материјалната обезбеденост за водење на војната.

Меѓутоа, овој доктринарен став на непријателот применет во практиката во војната против НОВ донесуваше само делумни, почетни резултати. Тоа зборува дека таквиот доктринерен став не можеше да добие право на законитост. Непријателот ја губеше од предвид корелативната врска на времето со другите сопствени фактори на војната, како и со факторите на војната на нашето народноослободително движење, не само во поодделни фази туку и во целиот период на траење на војната. При ова треба да се истакне дека и кога би се водело сметка за оваа корелација сè уште не би можело да се каже дека споменатиот доктринарен став на непријателот би можел да добие право на законитост, до колку не се води сметка за ваквата врска со времето и со сите компоненти што ги содржа секој од наведените четири фактори на војната поодделно.

До колку постојат такви односи, може да се очекува одвивање на воената практика приближно на доктринерните ставови. Наместо да се води сметка за сите наведени компоненти и за нивната меѓусебна по врзаност и заемност окупаторот и квислинзите настојуваа во што покусо време, користејќи ја својата предност во воена техника и поволниот почетен однос во жива сила, да ги решат битките во своја корист. Ваквата доктрина е логика на агресивните армии, во чие дејствување е содржана решеноста во мали единици на време да дојде до израз големата сила на оружје и воена техника. Се настојуваше да им се нанесе на нашето нардноослободително движење и на силите на НОВ решавачки удар во првите моменти, во услови и време кога факторите на војната на силите на НОВ не можеа да се изразат со сета своја големина.

Меѓутоа, уште од почетокот на судирот со непријателските сили се покажа дека дојде до судир на две различни стратегиски концепции на водење на војната Едната доктрина на брза — молневита војна и другата доктрина на НОВ — дијаметрално различна од непријател ска-концепција на тотална долготрајна општонародна исцрпувачка војна, за каква што окупаторите не беа подготвени

Стратегијата на НОВ тргнуваше од доктринерниот став дека нема и не се признаваат во војната со непријателот безизлезни ситуации. Врз основа на ваквиот став се дејствуваше офанзивно во секое време на денот и ноќта, во секое годишно време и без оглед на временските услови. Потребата за усвојување и доследна примена на овој доктринерен став во стратегијата и тактиката на водењето на војната, произлегуваше од односот на силите со непријателот во одделни компоненти на факторит на војната. Тргнувајќи од усвоената стратегија за наметнување на непријателот концепција на тотална, долготрајна општонародна исцрпувачка војна, силите на НОВ поуспешно ги комбинираа другие фактори на војната со времето. Поуспешно од непријателот, се користеа со квантитативните и квалитативните својства на времето. Подобро го подесуваа траењето на времето на своите потреби, на односот на силите и целите на борбата.

Ваквиот однос кон времето, како фактор на војната, е содржан во голем број примери од НОВ. Меѓутоа, доволно е за илустрација ако се истакнат само некои од нив. Така, на пример, во непријателската офан-

зива против слободната територија во западна Србија, од септември до крајот на ноември 1941 година, на непријателските сили им беше наметната, од страна на партизанските одреди, долготрајна исцрпувачка борба. Наместо заокружување во молневит силен напад, од страна на германските сили и четниците на Дража Михајловиќ врз партизанските единици и терор над народот, непријателот беше присилен да примени тактика на потиснување на силите на НОВ со сосема минимално темпо на настапување. Така, со подобра комбинација и проникнување на човечкиот фактор со просторот и времето се овозможи да се зачува живата сила и со вешти маневри да му се нанесат големи загуби на непријателот. Тоа доведе до ситуација, непријателот да не успее да ја оствари саканата цел во Првата непријателска офанзива во западна Србија[15].

Иако беше напуштена слободната територија од силите на НОВ, народноослободителното движење ја продолжи својата дејност и натаму низ различни можни форми на тој простор, и создаде слободна територија во источна Босна, каде што дојде до поврзување на партизанските единици, што се повлекла од Србија, со единиците што се бореа против окупаторот во источна Босна. Во источна Босна на тешки временски услови во зимата 1942 година продолжи борбата со несмалено темпо со надмоќниот непријател. Тука, покрај другото, на 27 и 28 јануари 1942 година е изведен и познатиот Игмански марш од единиците на НОВ во тешки временски услови на температура од минус 36 степени целузуисови. Времето и просторот во овие борби беа толку вешто користени и комбинирани од страна на партизанските сили, така што сите превземени акции од страна на непријателот за заокружување и уништување на нашите единици на овој просотор, завршуваа во празно.

Колку временската димензија на траење на борбените дејствија беше поголема толку положбата на противникот беше понеповолна. Најголемиот дел од неговите единици добиваа намена за обезбедување, наместо офанзивна молневита војна. Кога, во летото 1942 година, непријателот констатираше дека силите на НОВ во источна Босна се ликвидирани, развојот на НОВ добиваше нови квалитети. Имено, Врховниот командант Тито во долнината на Сутјеска веќе ги имаше подготвено Групата пролетерски бригади за пробив во западна Босна и Босанска Краина.

Исто така, во операцијата ВАЈС I, за време на зимската офанзива на фашистичките сили против главнината на нашите единици во битката на Неретва во зимата 1943 година, непријателот си постави задача за два дена, во молнетивита војна, да изврши пресекување на слободната теиротирија во Босанска Краина. Потоа, беше предвидено со примена на оружени акции на таканаречено чистење на теренот да се ликвидира слободната територија, позната под името Титова држава, со над 45.000 км², со организиран внатрешен одбранбен систем и развиена правно-политичка, културна и друга дејност.

Наместо примена и реализација на таканаречениот „блиц круг“ и решавање на битката во своја полза, во духот на планираниот вре-

[15] Војна енциклопедија, Белград 1974, II издание, кн. 7, стр. 485—488.

менски кус интервал, непријателските сили беа принудени да водат деноноќни жестоки борби за пресекување на слободната територија цели 18 дена. Во напорите за пресекување на територијата германските единици беа доведени, од силната борба на нашите единици, во ситуација да напредуваат едвај десетина километри на ден а италијанските, само еден и пол до два километри на ден[16]. Во познатиот Февруарски поход во 1944 година единиците на НОВ во Македонија поднесоа натчовечки напори и извојуваа победа над бугарските окупаторски сили во сите борби што се водеа. Притоа, ги совладаа сите препреки што им ги наметнуваше времето како фактор на војната.

Од изнесените примери од борбата за односот кон времето како фактор на војната се гледа дека, во врска со овој фактор и неговото значење во водењето на војната, беа применувани две различни логики на однесување. Силите на НОВ настојуваа временската димензија на водењето на борбата што повеќе да ја продолжуваат, со цел што подолго да се исцрпува, да се развлекува и да се крши ударната моќ на непријателските сили, а да се создаваат услови за што подобро искористување и усогласување на другите фактори на војната со времето. На тој начин се создаваа погодности за извојување победа над непријателот во одделните битки и војната во целост. Значи, во стратегијата и тактиката на НОВ постоеше решеност за создавање услови за поместување на временското тежиште од почетната фаза на војната кон длабочината, со цел да се обезбеди што поповолна војно-политичка, материјална и друга положба на силите на НОВ.

Тргнувајќи од извесната стратегија и тактика на нашите сили, со право може да се каже дека силите на НОВ ги диктираа временските димензии на војната како и меѓусебната врска на времето со другите фактори на војната.

Наоѓајќи се во ваква инфериорна положба, во однос на времето, непријателските сили, во борбата против силите на НОВ, настојуваа да извршат прилагодување кон барањата на времето на оние фактори на војната во кои тие беа посупериорни. За таа цел непријателот настојуваше, со оглед на расположливите материјално-технички услови, да создава оружје, опрема, облека, обувки, храна и сè друго што ќе може да биде користено во сообразност со барањата на временските услови.

Предностите на материалниот фактор што непријателот ги користеше за ублажување на ограничувањето што му ги наметнуваше времето, како фактор на водењето на војната, силите на НОВ настојуваа да ги намалат или целосно да ги елиминираат преку наметнување врз непријателот на своја партизанска стратегија и тактика. Таквата стратегија и тактика даваше можности за да се има постојана инцијатива, слобода на маневар, големи можности во изборот на местото, времето и начинот на водењето на борбата. На тој начин се обезбедуваше временска предност над противникот и парализирање на многубројната и

[16] Неретва — Сутјеска 1943, Војноисториски институт, Белград, 1969, стр. 15—48.

материјално-техничката надмоќ, како и поголема оперативност во целина, од онаа со која располагаше непријателот.

Народноослободителното движење во совладувањето на тешкотиите што му ги наметнуваше времето како фактор на војната се користеше со сосема поинакви форми и методи од непријателот. На нашето народноослободително движење му беше сосема јасно дека се потребни натпросечни напори на борците и на народот во целина, за совладување на ограничувањата што времето ги наметнуваше заради обезбедување на барањата на НОВ и револуцијата, како специфична, автентична општествена појава, во наши специфични услови во рамките на Втората светска војна. Тие напори, беше сосема јасно дека не е можно да се компензираат докрај со какви и да било материјални средства.

Од тие причини во нив, како што е речено, се бараа за компензација и други начини. Во настојувањето за создавање услови за совладување на ограничувањето на времето, како што е изнесено и во оваа пригода, се утврди дека големата улога има информативната дејност сред борците и народот за целите на борбата, за придобивките што се очекуваат од неа, како и за потребата за таквите цели и придобивки да се издржи до крај, без оглед на тешкотиите и жртвите што треба да се поднесат. Тоа внесуваше самодоверба во сопствените способности кај секој поединец и уверување дека треба и мора да се издржи докрај.

Ваквиот пристап во борбата на борците и народот, на одреден начин, ја компензираше недоволната физичка кондиција кај одделни борци за совладување на разновидни напори и отпорности на организмот на одредени временски влијанија, Исто така, за совладување на ограничувањата што ги создаваше времето како фактор на војната, голема беше улогата во НОВ и на солидарсноста меѓу борците и единиците, како и меѓу борците и народот. Кога се анализира практиката од одделни настани во НОВ се доаѓа до констатација дека солидарноста што се создаваше врз оваа основа беше едно од основите средства во совладувањето на ограничувањата што времето ги поставуваше врз човечкиот и материјалниот фактор.

Гледајќи од оваа временска дистанца на НОВ и вршејќи анализа на нејзините резултати, се покажува дека беше настојувано воената вештина — тактиката, оперативата и стратегијата во НОВ да бидат до максимална можна мера сообразувани со времето. Во услови на недоволна материјална опременост на борбата беа вложувани надчовечки напори за совладување на ограничувањата на времето.

Така, се успеваше да се парализира противниковата бројна и материјално-техничка надмоќ и да се обезбеди постојана и далеку поголема оперативност од оперативноста со која располагаше непријателот.

Како потврда за ваквата констатација можат да се наведат голем број податоци и од оперативната способност и од дејноста на нашите единици во НОВ. За илустрација да потсетиме на податокот од монографиите на одреден број бригади на НОВ. Во нив се изнесува дека овие бригади просечно годишно минувале ангажирани во борбени активности околу 120 дена. Ваквиот просек на дејствија на сојузичките, слични единици, на другите боишта од Втората светска војна, изнесуваше околу

55—90 дена. Од тоа произлегува дека на нашето боиште се водеше најинтензивна оружена борба и оти единиците на НОВ имаа најминимални оперативно-тактички паузи. Исто така, има податоци од кои може да се види дека силите на НОВ за исфрлање од стројот на еден непријателски војник употребувале 3,8 пати помалку време од времето што непријателот го трошел за исфрлање од стројот на еден борец на НОВ.

* * *

— Од изнесеното за факторите на војната може со право да се каже дека во НОВ и револуцијата беше присутно сознанието дека за нив важи дијалектичката законитост за односот на квалитетот и квантитетот и дека факторите на војната се претпоставка на оружената борба. Во нашата практика се потврди познатото стојалиште дека факторите на војната можат да бидат заменливи и променливи и дека се во меѓусебен дијалектички однос. Нивната улога во оружената борба секојпат не е иста. Делувањето на факторите на војната се изразува низ општиот однос на силите на завојуваните страни во одреден простор и време. Меѓутоа, треба да се истакне, она што е констатирано во оваа пригода, дека факторите се релативно самостојни и делуваат истовремено, меѓусебно условени, поврзани и променливи, при што човечкиот фактор, како што е истакнато, како носител на оружената борба, има примарна улога.

— Човечкиот фактор како примерен, меѓу четирите основни фактори на водењето на војната, уште од почетокот на НОВ и револуцијата се поистовети со широките народни маси. Тие, предводени од КПЈ правилно ги сфатија и поставија политичките цели на НОВ и револуцијата и безрезервно се ангажираа за нивното остварување.

Хуманиот карактер на придобивките што постепено се остваруваа влијаеше на постојано развивање на квалитативните својства на човечкиот фактор, олицетворен во широките народни маси. Од тие причини субјективната дејност на масите се изрази во сите аспекти на развојот и водењето на НОВ и револуцијата. Така, тие учествуваа во концепирањето на идејата за водење на војната и во нејзиното постојано продлабочување и надополнување со нови решенија за извршување со успех на борбените задачи. Освен тоа, тие се ангажираа во изградбата на најадекватна организација за водењето на војната, како и во практичната реализација на борбените задачи и на севкупните цели на НОВ и револуцијата. Во сето ова мајсторски беа применувани сите облици на оружената борба и сите форми на борбени дејствија.

Улогата на човечкиот фактор остварена во НОВ и револуцијата, може да послужи како драгоцено искуство за адекватно однесување на човечкиот фактор во современи услови во изградбата и реализацијата на системот на ОНО и ОСЗ на СФРЈ.

— Од изнесеното, исто така, произлегува констатацијата дека без вооружување, муниција, воена техника и без материјални услови неопходни за водење на војната, човечкиот фактор не можеше да ги реа-

лизира поставените цели во борбата за ослоодување и посебно во одбраната на слободата и независноста на современи услови.

Значењето на материјалниот фактор беше сосема правилно согледано во НОВ и револуцијата и врз развивањето на неговите квантитативни и квалитативни својства се посветуваше посебно внимание. Тоа се вршеше врз основа на почитување на принципот потпирање на сопствените сили и врз непризнавање, од страна на човечкиот фактор, безизлезни ситуации во НОВ и револуцијата. Напорите што се превземаа за обезбедување оружје, муниција и воена опрема преку одземање од непријателот во победоносните битки против него, потоа преку производство, со сопствени сили, во партизанските работилници, со потпирање врз народот за обезбедување на сите други потреби за успешно водење на НОВ и револуцијата дадоа, како што е изнесено, позитивни резултати. Тоа овозможи во целина позитивни промени во материјалната база на општеството, а посебно на материјалниот фактор на водењето на војната. Така, човечкиот фактор можеше да остварува промени во стратегијата и тактиката што се изразува во примената на сè посложени облици на оружената борба и на оруженото спротивставување, како и во сè поусогласеното користење на облиците на борбените дејствија во време и во простор.

— Просторот и времето, како амбиент во кој се водеше војната, подобро ги користеа нашите сили. Се покажа дека просторот е сојузник на народот кој се бори, живее и произведува на тој простор. Непријателот беше принуден да ги развлекува своите сили за да го стави под контрола целиот југословенски простор, кој, според стратегијата и тактиката на народноосслбодителното движење на југослвенските народи и народности, се третираше како единствена војнена територија. Просторот ги голташе непријателските сили и непријателот беше принуден да се задоволи со инфериорна положба во однос на користењето на просторот, иако располагаше со големи човечки сили и модерно оружје и опрема. Тој, не можеше да смета на подркшката на народот, кој се бореше против него на сопствената земја, на која како што истакнавме, живееше и произведуваше.

— Во услови на недоволна материјална опременост, се вложуваа натчовечки напори, од човечкиот фактор, во совладувањето на ограничувањата што ги наметнуваше времето, како фактор на водењето на војната. Меѓутоа, со остварувањето на сè поголем напредок во квантитетот и квалитетот на материјалниот фактор, доаѓаше до примена на сè посовршени облици на оружена борба, како и до примена на сè посложени облици на борбени дејствија. Така, човечкиот фактор, со помош на зголемените материјални сили, по обем и квалитет, можеше многу подобро, во однос на порано, да врши предвидување, планирање и реализација на сложени борбени дејствија по простор и време и да ја зацврстува искористеноста на просторот и времето, во однос на непријателот. Имајќи го предвид ова, може да се констатира дека силите на НОВ ги диктираа врменските димензии на војната, како и меѓусебната врска на времето со другите фактори на војната.

— Правилниот однос кон факторите на војната во НОВ придонесе изградба и примена на стратегија и тактика, која овозможи на непријателот да му се наметне интензивна, долготрајна и исцрпувачка војна. Во таквата војна да се уништува неговата жива сила и материјално-техничките средства, покрај другото и на тој начин што се обезбедуваше одлагање на решавачките битки од временските моменти и просторните услови во кои се оценуваше дека непријателот би бил посупериорен, со оглед на големата техничка опременост и големиот почетен број жива сила.

Таквиот начин на водење на војната обезбедуваше постојано јакнење на силите на народноослободителното движење и создавање услови за водење на решавачките битки во време и простор, што на силите на НОВ им одговараше најмногу.

Од тие причини, искуството од користењето на факторите на војната во НОВ и социјалистичката револуција претставува мошне голем придонес во општите напори на општественото за изградба на системот на општонародната одбрана и општествената самозаштита на СФРЈ во сегашни современи услови, заради успешна заштита на општеството во мирновременски услови, а во случај на агресија, победоносно водење општонародна одбранбена војна.

M-r. Dushan Taleski

## SOME EXPERIENCES ABOUT THE MILITARY FACTORS'INFLUENCE ON THE STRUGGLE IN THE PEOPLES' LIBERATION STRUGGLE AND REVOLUTION OF THE YUGOSLAV NATIONS AND NATIONALITIES

According to the above mentioned about the military factors, we can say that in the Peoples' Liberation Struggle and revolution there existed the standpoint that the dialectical principle for the coorelation was valid for them about the quality and quantity and that the military factors were a supposition for the armed fight. In our practice confirmed the well-known standpoint that the military factors can be replaced and changed and that they are in mutual dialectical relation. Their role in the armed fight is not always the same. Their influence on the struggle is being expressed through the general relation of the forces of the parties in war, in a definite space and time. However, it should be emphasized again that the factors are relatively independent and have influence simultanuously; they are conditioned between each other, connected and changeable. In this, the human factor, as the carrier of the armed fight has the primary role.

The human factor as being the primary one among the four basic factors in leading the struggle, identified itself with the wide peoples' crowds from the beginning of the Peoples' Liberation Struggle (PLS) and revolution. They, led by the Yugoslav Communist Party (YCP) correctly realized the

political aims of the PLS and completely engaged themselves in their realization.

The human character of the obtainings, which were gradually being carried out had an influence on the constant development of the human factor's qualitative features, which was personified in the wide peoples' crowds. From these reasons the subjective activity of the crowds expressed itself in all aspects of the development and leading the PLS and revolution. So they participated in concepting the idea for leading the Struggle and in its constant improving and complementing with new solutions for successful performing the military tasks. Beside that they engaged themslevs in building the most convenient organization for leading the struggle, as well as in the practical realization of the military tasks and entire PLS and revolution aims. In a this, all forms of armed fight and actions were used very successfully.

Human factor which was acarried out in tse PLS and revolution can be used as a valuable experience or conventient behaviour for the human factor in contemporary conditions in building and realization of the General Peoples' Defence (GDP) system and Social Self protection SSp) of the SFRY.

From the mentioned above also comes out that without armament, muntion, military techniques and without the necessary material conditions for leading the struggle, human factor could not fulfill the aims the liberation struggle and particularly in defending the liberty and indepedance in contemporary conditions.

The material factor's importance was quite accurately recognizded in the PLS and revolution and particular attention was paid to the development of its qualitative and quantitative features. It was being performed through respecting the principle relying on our own powers and not admitting any hopeless situations in the PLS and revolution. The efforts which were made to provide arms, munition and military equipment through taking it from the enemy in successful battles against them, then through production in the partizans' workshops and through supporting on people about providing other needs for successfull leading the struggle and revolution, gave positive results. This enabeed completely positive changes in the materials base of the society, particulaly in the material factor in leading the struggle. So, the human factor could accomplish changes in the strateqy and tactics which were being expressed in applying some more complicated form of armed fight and non-armed comfrontation, as wellas in better use of the military actions forms in time and space. The time and space, as an environment of leadin9 the struggle, were better used by our forces. It proved that the space was an ally to the people who fought, lived and produced in that space. The enemy was forced to spread out his forces to be able to put under control the entire Yugoslav space which according to the strategy and tac tics of the liberation movement, was regarded as a united military teoritory. The space swallowed the enemy forces and he was forced to accept the inferrior statemen about using the space, even though he possessed big people powers and modern arms and equipment. He could not rely on peopl's support who fought against him on their own land.

In conditions of not sufficient material supply, subhuman efforts were made to overcome the limits put on by the time, as a factor for leading the war. However, by reaching bigger progress in the quantity and quality of the material factor, more complicated forms of armed fight as well as more complicated forms of struggle activities began. So, the human factor, helped by the encreased material forces, could much better than before forsee, plan and carry out complexed struggle actions in space and time and strenghten the use of space and time in reference to the enemy. Having all this in mind, we can state that the forces in the PLS dictated the time dimensions in the struggle, as well as the mutual relation of the time with the other military factors.

The correct relation towards the military factors in the PLS contributed construction and use of sgrategy and tactics, which enabled to put the enemy on an intensive, long-term and exausting struggle. The aim was to destroy its alive force and material means, beside other ways, by postpoining important fights from time moments and space conditions where the enemy was more superior, having in mind his good technical equipment and big number of alive force.

That way of leading the struggle could provide constant strenghtening of the forces in the peoples' liberation movement and creating conditions for running the most important battles in time and space, which suited the fofces best. From these reasons, the experience from using the military factors in the PLS in the socialistic revolution is very big contribution to the gener l efforts of the society in building peoples' defence system and the system fo social self-protection of the SFRY in contemporary conditions, for successful protection of the society in peace-time conditions, and in case of aggression, successful running general peoples' defence war.